**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА – СКОПЈЕ КОЈ ФУНКЦИОНИРА ВО ОБЈЕКТ НА ПОРАНЕШНАТА УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „СЛАВЕ ГЕОРГИЕВСКИ – ШНАЈДЕР“

**Скопје, август 2019 година**

**Вовед**

Согласно Законот за народниот правобранител[1] („Службен весник на РМ" бр.60/03, 114/09/ 181/16, 189/16 и 35/18), Народниот правобранител врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост.

Тимот за следење на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, кој е во состав на Одделението за заштита на правата на децата при Народен правобранител, со цел да ги согледа состојбите во Дневните центри, како и остварувањето и почитувањето на правата на децата/лицата корисници, оцени за потребно да изврши посета на Дневниот центар за деца со церебрална паразлиза. Дополнителен поттик за посета на овој дневен дентар беше и претставката доставена од Здружението на родители на деца заболенби од церебрална парализа во врска со отпочнувањето со работа на Новиот дневен центар кој е во склоп на Основното училиште „Киро Глигоров" населба Капиштец, и нивните барања за користење на постојниот Дневен центар „Славе Георгиевски-Шнајдер".

Во контекст на наведеното, согласно законските надлежности, Одделението за заштита на правата на децата и лицата со попреченост, предводен од заменичката-народниот правобранител која раководи со ова посебно одделение, во август 2019 година, изврши посета во Дневниот центар за деца и лица со церебрална парализа во Скопје.

## 1. ПРАВНА РАМКА

Согласно **Конвенцијата за правата на детето**, *дете* е секое човечко суштетство кое не навршило осумнаесет години од животот, доколку, врз основа на закон кој се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано.[2]

Согласно член 3 став1 од Конвенцијата „*во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето без оглед дали ги спроведуваат јавните и приватните институции за социјална заштита, административните органи или законодавни тела*", додека пак, согласно став 3 од истиот член „*државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со стандардите кои ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето, во бројот и подобноста на персоналот, како и во стручниот надзор*".

Воедно, во Конвенцијата за правата на детето, наведено е дека децата со интелектуална и/или физичка попреченост треба да уживаат целосен и достоинствен

[1] Чл.11-а од Закон за народниот правобранител
[2] Чл.1 од Конвенција за правата на детето.

живот, во услови во кои се поттикнува нивната самостојност и го обезбедуваат нивното активно учество во заедницата. Исто така, наведено е дека се признава правото на децата со интелектуална и/или физичка попреченост на посебна нега, која во зависност од социјалната положба на семејството, може да биде бесплатна.[3]

Согласно **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** *„лица со попреченост се оние лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општетството на еднаква основа со другите'*.[4] Додека пак, согласно член 7 став 2 од Конвенцијата „ *при преземање на сите акции во однос на децата со попреченост, како примарна грижа ќе се зема предвид најдобриот интерес на детето*“.

Согласно **Законот за социјалната заштита**, лицата со попреченост можат да користат услуги за дневен престој, кои опфаќаат дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.[5] Исто така, услугата за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење.[6]

Во определени случаи, полнолетни лица, односно лица кои навршиле 18 (осумнаесет) години живот, поради степенот на интелектуална попреченост, не се стекнале со деловна способност, односно со способност со свои изјави на волја да стекнат права и обврски во правниот промет, како и самостојно да бараат остварување и заштита на своите права и интереси. Во тој случај, согласно **Законот за вонпарнична постапка**[7], по предлог на брачниот другар, дете, внук, родител, дедо, баба, брат, сестра и секој друг кој со тоа лице живее во трајна заедница, како и по предлог од надлежниот центар за социјална работа или на судот по службена должност, се поведува постапка за целосно или делумно одземање на деловната способност. Во зависност од тоа дали целосно или делумно е одземена деловната способност, лицето ужива права и обврски како малолетно лице. Наведеното повлекува и обврска на родителите/старателите за продолжување на грижата кон децата и по навршување на 18 (осумнаесет) годишна возраст, што е регулирано во **Законот за семејството**[8].

---

[3] Ibid чл.23
[4] Чл.1 ст.2 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост
[5] Чл.80 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РСМ“ бр.104/19)
[6] Ibid чл.81
[7] Чл.34 и чл.35 од Законот за вонпарнична постапка
[8] Чл.179 од Законот за семејството

## 2. КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ

При посетата на Дневниот центар за деца со церебрална парализа во Скопје, тимот за следење на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, ги согледа состојбите и условите за работа и третман на децата и младинците со церебрална парализа – корисници на овој Дневен центар.

Во разговор со дел од вработените, како и преку увид во евиденцијата и документацијата што се води за корисниците, се стекна со сознанија за материјално-техничките, рехабилитациско-корективните, дидактичко-методските услови, средства и опрема, а се стекна и со информации за здравствената состојба на корисниците, социо-економската структура на семејствата, образовното ниво на корисниците, и ефикасноста на активностите кои се преземаат од стручните лица за подобрување на општата состојба на корисниците.

### За Дневниот центар

Согласно Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, во Службата за лица со пречки во менталниот или телесниот развој, спаѓаат два оддели, и тоа: Оддел за дневни центри за поддршка на деца со попреченост и Оддел за дневни центри за поддршка на лица со попреченост.[9]

Согласно **Правилникот за внатрешна организација на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје**, Дневниот центар за лица со церебрална парализа функционира како Оддел за дневни центри за поддршка на лица со попреченост, во кој се обезбедува дневно прифаќање, згрижување, рехабилитација и третман на лицата со церебрална парализа, спроведување на поддршка за развој на моторните, когнитивните, социо-емоционалните, вербалните, невербалните и други алтернативни форми на комуникација, поддршка и стимулација на ран развој со децата до 6-шест годишна возраст, континуирано следење на развојот на корисниците, планирање, организација и реализација на програми и активности за социјализација, интеграција и самостојно функционирање во средината, континуирана стручна поддршка, обука и советување на родители/старатели и семејствата за работа во домашни услови.[10]

Согласно **Упатството за начинот на организација и работа на Дневниот центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост со церебрална парализа**[11], Дневниот центар за деца и адолесценти со лесна и умерена

---

[9] Чл.12 ст.1 т.11 ал.1 и 2 од Статутот на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје бр.01-1289/4 од 19.06.2019 година.

[10] Чл.25 од Правилник за внатрешна организација на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр.01-1289/6 од 19.06.2019 година.

[11] УПАТСТВО за начинот на организација и работа на Дневен центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост со церебрална парализа, ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, 2005 година

интелектуална попреченост со церебрална парализа, е специјализирана служба за згрижување, рехабилитационен третман од медицински, неформално-образовен и социјален аспект на овие деца и адолесценти, како и психо-социјална и едукативна поддршка на нивните семејства, со цел унапредување за нивна социјализација и интеграција во општеството.

Корисници на Дневниот центар според Упатството[12] се деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост со церебрална парализа, на возраст од 4-18 години, првенствено оние кои не се опфатени со ниту еден друг облик на заштита, како и деца и адолесценти кои се веќе корисници на некоја форма на општествена заштита, но сепак, дополнително, имаат потреба да го посетуваат овој Дневен центар и да користат дел од неговите услуги.

Според информации добиени од координаторот на Дневниот центар, Центарот за деца со церебрална парализа е основан врз база на заедничка соработка на Владата на Република Македонија и Владата на Република Германија во декември 2005 година. Од основањето сé до јули 2018 година функционирал во населба Капиштец, во соодветно прилагодени и опремени простории во кои се реализирало дневното згрижување на деца/лица со лесна и умерена телесна инвалидност со дијагноза церебрална парализа и комбинирана попреченост. Во август 2018 година поради изградба на новото ООУ „Киро Глигоров“ во населбата Капиштец, Дневниот центар е времено дислоциран во непосредна близина на ООУ „11ти Октомври“ – Скопје, во поранешна Урбана Заедница „Славе Георгиевски-Шнајдер“, и на тоа место ќе функционира сé додека не се оспособи просторот во објектот на наведеното општинско основно училиште.

Од остварениот разговор со координаторот на Дневниот центар добиени се информации дека новото општинско основно училиште почнува со работа на 04.09.2019 г., а Дневниот центар се очекува да отпочне со работа на крајот на септември 2019 г., откако ќе биде целосно опремен со потребната техничка, дидактичка и друга опрема, средства и материјали.

Согласно склучениот Меморандум за соработка[13] помеѓу Општина Центар, Министерството за труд и социјална политика и Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа, Општината Центар е надлежна за градежно-занаетчиските работи, а опремувањето и другите активности за отпочнување со работа на Дневниот центар се во надлежност на Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, односно Министерството.

Во разговорот со координаторот на Дневниот центар, добиена е информација дека Дневниот центар работи во текот на целата година, со работно време од 7.00 до 17.00 часот, со тоа што помала е фрекфенција на корисници во текот на летниот период. Исто така, нé информира дека воспоставена е редовна и тесна соработка со

---

[12] Ibid стр.4

[13] Меморандум за соработка, јуни 2018

граѓански организации и здруженија, како и со приватниот сектор, кои го помагаат работењето на Дневниот центар, а која се состои од реализација на заеднички активности, прошетки, излети, креативни работилници, продажни изложби, донаторски акции и сл. Координаторот истакна дека, постои особено добра соработка со Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа, чии активисти често се иницијатори на активности кои се реализираат заедно со корисниците и вработените од Дневниот центар, Црвениот Крст на Град Скопје, Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ Скопје, како и со други организации од невладиниот сектор.

## 2.1. Кадар

Во Дневниот центар се вработени вкупно 6 (шест) лица, од кои 2 (два) специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолози), 1 (еден) логопед, 1 (еден) психолог, 2 (два) физиотерапевти и 1 (една) медицинска сестра-негователка (Табела 1.). Еден од дефектолозите со овластување од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје е и координатор на Дневниот центар.

***Табела 1. Вработен кадар во Дневниот центар***

| Ред. бр | Вид на образование | Раб.место | Бр.на вработени |
|---|---|---|---|
| **1.** | Дефектолог VII/1 степен | Дефектолог | 2 |
| **2.** | Логопед VII/1 степен | Логопед | 1 |
| **3.** | Психолог VII/1 степен | Психолог | 1 |
| **4.** | Кинезитерапевт VII/1 степен | Здравствен работник | 1 |
| **5.** | Мед. сестра IV-степен | Мед. сестра/ негувател | 1 |
| | | **ВКУПНО** | 6 |

Согласно **Упатството за начинот на организација и работа на Дневниот центар**[14], Дневен центар кој е со капацитет до 25 корисници, потребно е да има стручен кадар од 9 стручни работници, и тоа: 4 (четири) дефектолози од кои еден логопед, 2 (два) физиотерапевти, 1 (една) медицинска сестра-негователка, 1 (еден) психолог и 1 (еден) социјален работник  постоечкиот кадар во Центарот за социјална работа.

Во член 16 од **Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица**

[14] Упатство за начинот на организација и работа на Дневен центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост со церебрална парализа, ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, 2005 година

**со интелектуална или телесна попреченост**[15], наведено е дека на секои четири корисници треба да има еден стручен работник (дефектолог, социјален работник, педагог, психолог, физиотерапевт, медицинска сестра), во зависност од видот на корисниците.

Во моментов согласно бројот и потребите на корисниците во Дневниот центар потребно е да има повеќе вработени стручни лица, односно да има најмалку уште еден дефектолог и еден физиотерапевт.

### *2.2. Корисници*

Приемот на корисници во Дневниот центар се остварува со решение кое го издава ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, а на претходно барање за добивање на услугата од страна на родителите. Според добиено сознание од координаторот на Дневниот центар за секој корисник после приемот во Дневниот центар, следува период на опсервација во време од 2 месеца во кој се прават проценки од страна на стручните лица и се планира индивидуалната работа во понатамошниот период.

Во член 273 од Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр.104/19), е наведено дека Центарот за социјална работа по службена должност повремено, а најмалку еднаш годишно, го преиспитува постоењето на фактите и условите за стекнување и користење на правото од социјална заштита, и доколку утврди дека истите се променети, донесува ново решение.

Дневниот центар, согласно **Упатство за начинот на организација и работа на Дневниот центар**[16], може да вклучи до 25 деца и младинци, на возраст од 4 до 18 години. По кажување на координаторот, оваа категорија на лица се сметаат за малолетни до нивната 26 годишна возраст, па така, Дневниот центар овозможува згрижување на деца и младинци на возраст од 4 до 26 години.

Во моментов Дневниот центар опслужува вкупно 36 корисници, но пофрекфентно истиот го посетуваат 15 корисници.

Генерално, во Дневниот центар постојат постојани ***(„стални") корисници*** кои се во т.н. Јадрена група која ја сочинуваат околу 12 корисници. Овие лица,секојдневно во времетраење од 4 до 6 часа дневно го посетуваат центарот. Исто така има, непостојани ***(флуктуирачки) корисници***, во т.н. флуктуирачка група, кои повремено, според однапред утврден распоред го посетуваат центарот, каде се реализираат

[15] Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост, Службен весник на Република Македонија, бр.110/06

[16] Упатство за начинот на организација и работа на Дневен центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост со церебрална парализа, ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, 2005 година

индивидуални третмани и групни активности согласно нивните потреби. Оваа група на корисници доаѓаат во центарот два до три пати неделно, 1 до 2 часа дневно.

На денот на посетата присутни беа вкупно 6 деца од т.н. „стална“ група, а дополнително затекнавме уште едно дете од флуктуирачките корисници.

Според возраста, во Дневниот центар има 12 (дванаесет) корисници на возраст од 6 - 11 год., 3 (три) деца се на возраст 11 - 14 год., 4 (четири) на возраст од 14 - 18 год., 16 (шеснаесет) се на возраст од 18 - 26 год. и едно лице со над 26 години (Табела 2.).

***Табела 2. Податоци за корисниците според возраст***

| Реден број | Возраст | Вкупно |
|---|---|---|
| **1.** | под 6 год. | / |
| **2.** | 6 - 11 год. | 12 |
| **3.** | 11 - 14 год. | 3 |
| **4.** | 14 - 18 год. | 4 |
| **5.** | 18 - 26 год. | 16 |
| **6.** | над 26 год. | 1 |
| | **ВКУПНО** | 36 |

Во однос на полот, има вкупно 24 корисници од машки и 12 кориснички од женски пол (Табела 3.).

***Табела 3. Податоци за корисниците според пол***

| Пол | Вкупно |
|---|---|
| машки | 24 |
| женски | 12 |
| **ВКУПНО** | 36 |

Според национална припадност, најголем број од корисниците се Македонци (26), 3 (три) се Роми, 5 (пет) се Албанци и 2 (двајца) се од друга националност (Табела 4.).

***Табела 4. Податоци за корисниците според национална припадност***

| **Националност** | **ВКУПНО** |
|---|---|
| Македонец | 26 |
| Ром | 3 |
| Албанец | 5 |
| Друго | 2 |
| **Вкупно** | 36 |

Секој корисник на Дневниот центар задолжително треба да има Наод и мислење издаден од страна на стручен орган за утврдување на видот и степенот на попреченоста и оценка на специфичните потреби на детето/лицето со попреченост.

***Од увидот во документацијата се констатира дека кај одреден број корисници во Наодот и мислењето не е нотиран степенот на попреченост (телесна и интелектуална), туку само е наведено дека има задоцнување во психомоторниот развој, или значително задоцнување во психомоторниот развој кај одредени корисници.***

***Табела 5. Податоци за корисниците според вид и степен на попреченост***

| **Вид на попреченост** | | **ВКУПНО** |
|---|---|---|
| **Телесна инвалидност** | Лесна | 1 |
| | Умерена | / |
| | Тешка | 11 |
| | Најтешка | 11 |
| **Интелектуална попреченост** | Нема | 4 |
| | Лесна | 6 |
| | Умерена | 5 |
| | Тешка | 1 |
| | Најтешка | / |
| **Комбинирана попреченост** | | 33 |
| | **Вкупно** | 36 |

Во однос на видот и степенот на попреченост, најголем број од корисниците се со комбинирана попреченост (33 корисници или 92% од вкупниот број).

Анализата пак, на податоците само во однос на степенот на телесна инвалидност покажува дека вкупно 11 (единаесет) корисници се со тешка и исто толку

со најтешка телесна инвалидност. Едно лице, според наодот е со лесна телесна инвалидност.

Во однос на степенот на образование на корисниците се забележува шареноликост меѓу корисниците, односно, 6 (шест) корисници имаат завршено редовно основно училиште, 7 (седум) посебно основно училиште, 2 (двајца) имаат завршено редовно средно училиште, а еден посебно средно училиште (Табела 6.) ***Понатаму, двајца корисници не се вклучени во образовниот процес поради нивната возраст, но дури 18 корисници или 50% од вкупниот број, воопшто не биле вклучени во процес на образование поради нивната попреченост.*** Наведеното е спротивно на член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, кој гласи дека лицата со попреченост (вклучително и лицата со церебрална парализа, без оглед на степенот на попреченост) имаат право на инклузивно, квалитетно, бесплатно основно и средно образование на еднаква основа со другите.

***Табела 6. Податоци за корисниците според образование***

| **Има завршено или е во процес на учење** | **ВКУПНО** |
|---|---|
| Основно образование (редовно училиште) | 6 |
| Основно образование (посебно училиште) | 7 |
| Средно образование (редовно училиште) | 2 |
| Средно образование (посебно училиште) | 1 |
| Не се вклучени во образовен процес поради возраст | 2 |
| Не се вклучени во образовен процес поради степен на попреченост | 18 |
| **Вкупно** | 36 |

Во однос на должината на престој на корисниците во Дневниот центар, најголем број од корисниците, 17 (седумнаесет) се 10 до 15 години во Центарот, 11 (единаесет) корисници центарот го посетуваат 5 до 10 години, и 8 (осум) корисници ги користат услугите на Центарот до 5 години.

*Табела 7. Податоци за должина на престој на корисниците во Дневниот центар*

| Должина на престој | Вкупно |
|---|---|
| До 5 год | 8 |
| Од 5 до 10 год | 11 |
| Од 10 до 15 год | 17 |
| **ВКУПНО** | 36 |

### 2.3. Семеен статус

Во разговор со координаторот на Дневниот центар, во однос на семејниот статус на корисниците добиени се податоци дека повеќето корисници потекнуваат од семејства со лош или низок социо-економски статус, односно од социјално загрозени семејства, семејства приматели на социјална помош, живеат со самохрани родители/старатели или семејства во кои само едниот родител е вработен. Помал дел од корисниците се од семејства со задоволителен или добар социо-економски статус во кои двата родители се вработени.

*Табела 8. Податоци за корисниците според социо-економски статус на семејството*

| Семеен социо-економски статус | ВКУПНО |
|---|---|
| Лош (самохран родител примател на социјална помош, или двата родители невработени) | 9 |
| Низок (само еден вработен родител) | 15 |
| Задоволителен (два вработени родители со релативно ниски примања) | 7 |
| Добар (два вработени родители со добри примања) | 5 |
| **Вкупно** | 36 |

## 3. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

### *3.1. Објект*

При посетата и обиколката на објектот на Дневниот центар констатирано е дека истиот е сместен во населено место, со развиени сообраќајни врски, во објект на поранешната Урбаната Заедница „Славе Георгиевски – Шнајдер“, во непосредна близина на ООУ „11 Октомври“ во Општина Центар.

***Дворот на Дневниот Центар*** е хортикултурно уреден и е опремен со разни спортски реквизити, прилагодени за децата со церебрална парализа.

Дневниот центар располага со ***паркинг простор***, а според координаторот на Дневниот центар на располагање имаат 1 возилото (комби), со кое се превезуваат децата од дома до Дневниот центар и обратно. Возилото е приспособено за три инвалидски колички, а има уште три седишта, и при превозот на децата покрај возачот во придружба оди еден од вработените.

***Влезот на објектот*** на Дневниот центар е пристапен, со широка влезна врата и поставена рампа за движење со инвалидска количка. Пристапот до објектот е асфалтиран, поплочен и без архитектонски бариери.

Над влезот во објектот е поставена настрешница, која според координаторот на Дневниот центар е доволно голема за да го заштити самиот влез, како и пристапните рампи при лоши временски услови (кога врне дожд или снег), да не се навлажнат или замрзнат.

***Зад влезната врата на Центарот се наоѓа широк ходник***, кој овозможува лесен и безбеден пристап до заедничките простории. Сите врати во објектот се отвораат кон надвор, со што се овозможува непречен пристап на лицата со инвалидска количка. На едната страна од ходникот се наоѓа простор каде се сместени инвалидските колички и други ортопедските помагала, а според добиените податоци, некои од инвалидските колички се добиени од донации. Во продолжение на ходникот се наоѓаат работните простории (кабинети за индивидуална работа) на дефектологот, психологот и логопедот, во кои се чува и службената документација.

***Во средишниот дел*** на објектот е сместена кујната и трпезаријата, соодветно опремени со маси и столови изработени од лесен материјал за одржување, и со заоблени рабови, со што се превенира од евентуални повреди. При увидот, констатирано е од страна на тимот дека, на еден дел од плафонот во кујната има трага од протекување, за што координаторот појасни дека се преземени мерки за санација на кровната конструкција.

Во Дневниот центар има и ***просторија - остава***, која е наменета за чување на средства за хигиена.

***Дневниот престој*** (просторот за групна работа) претставува една голема просторија, која со лизгачка врата е поделена на два дела. Координаторот на Дневниот центар појасни дека се работи за две занимални, едната наменета за помалите деца, а другата за поголемите.

Инаку, Дневниот престој е опремен со маси и столици со наслон, орман за чување нагледни средства, ТВ приемник, компјутер, музички систем. Занималните се добро опремени со дидактички материјали и средства за работа. Просторот е добро осветлен, во должина на целиот ѕид има прозорци од каде допира природна светлина, што е во согласност со Правилникот за нормативи и стандарди за основање и

започнување со работа на установи за социјална заштита дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост („Сл. Весник на РМ“ бр.110/06).

Координаторот на Дневниот центар информираше дека добиена е донација за поставување на ролетни на овие прозорци и се очекува во скоро време истите да бидат поставени.

Веднаш до дневниот престој се наоѓа ***просторијата за физикална терапија*** опремена со соодветни медицински справи и помагала. Физиотерапевтските третмани се реализираат во оваа просторија.

Просториите во Дневниот центар се затоплуваат со сопствено греење (на струја), а за одржување на хигиената се задолжени хигиеничарки од Меѓуопштинскиот центар кои доаѓаат два пати неделно, но и самите вработени учествуваат во одржување на хигиената.

При увидот се констатира дела хигиената во целиот Дневен центар е на високо задоволително ниво.

### 3.2. Санитарни простории

Во објектот има две санитарни простории во кои ѕидовите и подовите се обложени со керамички плочки и имаат пред простор за миење раце (мијалник) и WC кабина, со тоалетни школки и држачи кои овозможуваат независно користење на тоалетот од страна на корисниците. Во едната санитарна просторија има и машина за перење алишта, како и помошен кревет за пресоблекување на децата.

Во објектот има засебен тоалет за вработените.

### 3.3. Исхрана

Координаторот на Дневниот центар истакна дека храната за корисниците не се приготвува во Дневниот центар, туку се носи од компанијата „Специјал“. Децата добиваат по два оброка, појадок и ручек. Во кујната, во трпезарискиот дел, стручните лица даваат поддршка во конзумирањето на оброците (им помагаат со хранење).

## 4. КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ОД УВИД ВО ДОКУМЕНТАЦИЈАТА НА КОРИСНИЦИТЕ

Од увид во документацијата - досие за секој корисник, се констатира дека секое досие е уредно водено, со комплетна и навремена документација, односно за секој корисник навремено се доставуваат извештаи до ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Досиејата содржат комплетна документација од здравствен, социјален и рехабилитациски аспект, како и индивидуални изработки и творби од корисниците.

Досетот на секој корисник има **интерен Наод и мислење** од стручниот тим на Дневниот центар, кој содржи мислење, предлог и заклучоци во однос на стручниот третман кој му е потребен на конкретниот корисник. Потоа, се изготвува **План за индивидуална работа – третман**, од страна на мултидисциплинарниот тим.

Од увид во плановите за корисниците се констатира дека истите се индивидуализирани, но недостасуваат јасно нотирани и конкретизирани активности, диференцирани цели, операционализирани задачи, време на реализација, односно динамика за реализација.

За секој корисник има и **Индивидуален план според видот на поддршка** која ја добива од страна на стручните лица, при што е назначено времето на реализација на групна и индивидуална работа и третман, односно поддршка која корисникот ја добива од одредено стручно лице.

Во разговорот со координаторот добивме информација дека реевалуација на индивидуалните планови за работа треба да се врши на секои 6-шест месеци, но стручниот тим од Дневниот центар оценил дека периодот од 6 месеци е прекраток за следење на настанатите промени кај оваа категорија корисници, поради што реевалуација се спроведува еднаш годишно. При тоа, се користат формулари на ЈУ Завод за социјални дејности.

Народниот правобранител од увид во истите констатира отсуство на конкретни критериуми за вршење на реевалуација, па останува нејасно во кој обем е остварено планираното и кон што треба да се цели во следниот период. Исто така, не се јасно нотирани отежнителните околности поради кои не се оствариле целите во предвидените планови за работа.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од увид во Дневниот центар за деца со церебрална парализа, кој се уште функционира во објект на поранешната урбаната заедница „Славе Георгиевски – Шнајдер“ во Општина Центар, Народниот правобранител констатира дека условите, од

материјално-технички аспект, како и опременост ги задоволуваат стандардите, пропишани со Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита. Меѓутоа, констатиран е недостаток на стручен кадар, имајќи го предвид бројот на корисници.

Најголем број од корисниците се на возраст од 18 до 26 години, а значителен е бројот на корисници на возраст до 11 години. Констатирано е дека вкупниот број на корисници на Дневниот центар (36 корисници) за 11 лица го надминува дозволениот број на корисници во еден објект, а поради тоа има отстапување и во однос на бројот на лицата по група, која по правило треба да биде најмногу 12.

Актуелните корисниците на Дневниот центар се на возраст помеѓу 6 и 31 година, што не е во согласност со Упатството за начинот на организација и работа на Дневен центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост и церебрална парализа, во кое е назначено дека корисници можат да бидат деца и адолесценти на возраст од 4-18 години.

Тргнувајќи од видот и степенот на попреченост, пришто најголем број од корисниците, (92% од вкупниот број) се со комбинирана попреченост, констатација е дека наведеното е спротивно на предвиденото во Правилникот за нормативи и стандарди..., според кој Дневниот центар е наменет за лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и за лица со потешки пречки во телесниот развој. Воедно, не е во согласност ниту со Упатството на Завод за социјални дејности, според кое Дневниот центар е наменет за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост.

Програмите за работа со корисниците не се соодветно креирани според возраста. Особено, недостасува план за реализација на работно-производни активности, работна терапија, психо-социјална рехабилитација и други активности со цел развој на вештини за осамостојување и социјализација, кои првенствено би биле наменети за повозрасните корисници.

Во досиејата за корисниците недостасуваат јасно нотирани и конкретизирани активности, диференцирани цели, операционализирани задачи, време на реализација, односно динамика за реализација.

Реевалуацијата на индивидуалните планови за работа наместо два пати годишно се спроведува еднаш годишно, а отсуствуваат и конкретни критериуми, за проценување и споредување на планираните и остварените цели.

Особено загрижува податокот дека голем број од корисниците се долг временски период во Дневниот центар (10 до 15 години), а во меѓувреме не се најдени други алтернативи, имајќи ја предвид и возраста на корисниците.

**За надминување на констатираните слабости во функционирањето на Дневниот центар, од аспект на подобрување на квалитетот на услуги, имајќи ги предвид потребите на корисниците Народниот правобранител ПРЕПОРАЧУВА:**

1. Министерството за труд и социјална политика и Општина Центар да преземат итни мерки за што поскоро завршување на градежно-занаетчиските работи во делот на објектот на ООУ „Киро Глигоров“ кој ќе се користи како Дневен центар за деца со церебрална парализа, како и мерки за целосно опремување на Центарот, согласно пропишаните стандарди.
2. Исто така, препорачува зголемување на бројот на вработени стручни лица (социјални работници, специјални едукатори и рехабилитатори, физиотерапевти и сл.), имајќи ги предвид потребите и бројот на корисници.
3. Да се преземат мерки заради усогласување на бројот на корисници согласно пропишаното во Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост .
4. Да се преземат мерки за усогласување на возрасната граница на корисниците на Дневниот центар со Упатството на ЈУ Завод за социјални дејности, и во тој контекст да се разгледа можноста во Дневниот центар кој треба да функционира во објектот на ООУ „Киро Глигоров“, да се преселат корисниците (деца со церебрална парализа) на возраст од 4 до 14 години/или до 18 години, со што истите ќе можат да бидат вклучени и во редовниот образовен процес. Децата од овој Дневен центар би можеле дополнителната поддршка и третмани да ги добиваат согласно нивните потреби, од стручните лица од Дневниот центар кој ќе биде во склоп на училишната зграда.
5. Следствено, препорака на Народниот правобранител е да се задржи постојниот објект т.е. Дневниот центар кај Урбана заедница „Славе Георгиевски Шнајдер“, кој е веќе соодветно адаптиран и опремен и истиот да биде наменет за повозрасните лица со церебрална парализа (над 18 години). Во овој Дневен центар би се обезбедувало нивно дневно прифаќање, згрижување, рехабилитација и третман, како и реализација на програми и активности за социјализација, интеграција и самостојно функционирање во средината преку континуирана стручна поддршка, имајќи ги предвид нивната возраст и потреби.
6. Вработените во Дневниот центар во соработка и со поддршка на соодветни стручни установи/лица да преземат мерки за креирање на индивидуални планови и програми за работа, согласно возраста на корисниците, со посебен акцент на креирање планови за повозрасните корисници за реализација на работно-производни активности, работна терапија, психо-социјална рехабилитација и други активности, со цел развој на вештини за нивно осамостојување и социјализација.
7. Да се воспостават јасни критериумите за да може да се следи резултатот од третманот и да се преземат потребните модификации во истиот, за секое дете/лице со церебрална парализа. Реевалуцијата наместо еднаш годишно да се спроведува согласно пропишаното.
8. Согласно Конвенцијата за права на лица со попреченост, Народниот правобранител препорачува да се преземат мерки откако ќе поминат низ

процес на работна рехабилитација и професионално оспособување, лицата со церебрална парализа да се вработат на отворен пазар на труд, со цел нивна целосна интеграција во заедницата, или пак, нивно вклучување во процес на работа под општи или посебни услови во рамки на социјални претпријатија или работни центри наменети за лица со попреченост.